Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 12/19), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од познат подносител, на 41-та седница одржана на 11.11.2020 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена од подносителот ----------------- врз основа на која е заведен предметот под број 12-3165/1 од 08.08.2019 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-3165/1 од 08.08.2019 година, од причина што за наводите изнесени во пријавата и придружната документација беше утврдено дека во споменатата постапка за вработување било постапено согласно членот 160 и 161 од Законот за здравствена заштита.

*ДКСК утврди дека во конкретниот случај Директорот го искористил даденото дискреционо право во членот 161 од Законот за здравствена заштита, за избор на кандидати од приложената Ранг листа по сопствен избор, а не врз основа на вкупниот број на бодови што кандидатите ги освоиле во сите фази на постапката на селекција, што претставува сериозен ризик од можни злоупотреби на дискреционите овластувања во постапките за вработување на нови лица од страна на раководните лица на институциите.*

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-3165/1 од 29.10.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот ------------------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневање за неправилности при донесување на Одлуката за избор на извршители на сите работни места наведени во Јавниот оглас вклучително и за тројца лаборанти со високо образование, заведена со бр.04-637/2 од 05.06.2019 година, од страна на

Директорот на ЈЗУ Општа болница Кичево, во врска со постапка за вработување на извршители, по објавен Јавен оглас бр. 04-621/3 од 20.12.2018 година.

При разгледување на наводите во пријавата, приложените документи и позитивната законска регулатива поврзана за конкретниот случај, ДКСК ја констатира следната фактичка состојба:

На ден 20.12.2018 година ЈЗУ Општа болница Кичево објавила Јавен оглас бр. 04-621/3 за прием на медицински персонал (2 доктори, 2 фармацевти, 3 лаборанти со високо образование, 7 медицински сестри со средно образование, 2 медицински сестри со високо образование и 4 акушери со средно образование). Подносителот ------------ се пријавила за делот лаборант со високо образование, каде во Јавниот оглас се барале тројца кандидати, а се пријавиле вкупно 4 кандидатки.

Постапувајќи согласно членот 160 од Законот за здравствена заштита, Комисијата за селекција формирана за спроведување на постапката за вработување согласно Јавниот оглас, на 27.05.2019 година ја составила и предложила Ранг листа за сите објавени работни места до Директорот на ЈЗУ Општа болница Кичево. На доставната ранглиста подносителот бил рангиран на второ место. По доставување на ранг листата, на ден 30.05.2019 година Директорот спровел интервју со 4-те пријавени кандидатки. По извршеното интервју, постапувајќи согласно членот 161 од Законот за здравствена заштита, Директорот ја донел Одлуката за избор на извршители по објавен Јавен оглас со број 04-637/2 од 05.06.2019 година, со која одлука не бил избран подносителот Елизабета Јаковлеска.

*Во Законот за здравствена заштита во членот 161 стои:*

*(1) Работоводниот орган на здравствената установа, врз основа на ранг-листа предложена од комисијата за селекција со најмалку тројца кандидати, доколку има повеќе од тројца кандидати кои ги исполнуваат условите спроведува интервју и, донесува одлука за избор на кандидат.*

*(2) Против одлуката за избор од ставот (1) на овој член незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката преку здравствената установа за чии потреби бил објавен јавен оглас до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.*

*(3) Органот од ставот (2) на овој член одлучува по жалбата во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.*

*(4) Жалбата го одлага извршувањето на одлуката.*

*(5) Против одлуката донесена од Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен незадоволниот кандидат има право на тужба пред надлежниот суд.*

*(6) По завршувањето на постапката за избор работоводниот орган на здравствената установа и избраниот кандидат склучуваат договор за вработување на здравствен работник, односно здравствен соработник.*

Против споменатата Одлука за избор, незадоволната странка ----------- изјавила жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работена однос во втор степен, подоцна поднела и тужба пред надлежен суд.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во спроведување на постапката по Јавниот оглас

бр. 04-637/2 од 05.06.2019година за вработување на извршители меѓу кои и за тројца лаборанти со високо образование во ЈЗУ Општа болница Кичево, ***било постапено согласно членот 160 од Законот за здравствена заштита*** односно била формирана Комисија за селекција на здравствени работници која ја извршила селекцијата на кандидатите врз основа на критериумите утврдени во Законот за здравствена заштита. Директорот на ЈЗУ Општа болница Кичево по извршеното интервју со сите пријавени кандидати од предложената Ранг листа извршил избор на кандидатите и ја донел Одлуката за избор на кандидатите со број 04-637/2 од 05.06.2019 година, ***со што постапил согласно членот 161 став 1 од Законот за здравствена заштита***.

Од увидот во предложената Ранг листа од страна на Комисијата за селекција и донесената Одлука за избор на кандидатите со број 04-637/2 од 05.06.2019 година, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека Директорот на ЈЗУ Општа болница Кичево во конкретниот случај го искористил даденото дискреционо право во членот 161 од Законот за здравствена заштита, да изврши избор на било кој од предложените кандидати на приложената Ранг листата кои ги исполнуваат условите објавени во огласот по сопствен избор, а не врз основа на вкупниот број на бодови што кандидатите ги освоиле во сите фази на постапката на селекција.

*Исто како и во други предмети по кои ДКСК постапуваше, и во конкретниот случај ДКСК констатира дека членот 161 од Законот за здравствена заштита му овозможува на раководното лице на јавната установа да изврши избор од предложените кандидати од ранг листата по свој избор, а не врз основа на вкупно освоените бодови во сите фази на постапката за селекција на кандидатите. Ова претставува сериозен ризик од злоупотреби на дискреционите овластувања во постапките за вработување и вработување на лица преку разни влијанија: непотизам, кронизам, клиентелизам .*

Оттаму, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**